Република Северна Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

05 мај 2022 год.

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ СКОПЈЕ

| Примено: 16.05.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 214 | 1 | |

АРХИВСКИ БРОЈ: 103 – 66/ 31

ДО: **УКИМ Земјоделски Институт Скопје**
**ул.16-та Македонска Бригада бр.3А**
**Скопје – Гази Баба**

ПРЕДМЕТ: **Решение за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата**

Фитосанитарната управа при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, врз основа на член 65 став 7 од Законот за здравјето на растенијата („Службен Весник на Република Македонија" 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.150/21) и по претходно објавен Јавен конкурс за доделување на дозволи за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата го донесе следново:

## РЕШЕНИЕ

На правното лице **УКИМ Земјоделски Институт Скопје** со ЕДБС 4043009100062, со седиште на **ул.16-та Македонска Бригада бр.3А Скопје – Гази Баба**, му се издава дозвола во времетраење од 3 (три) години за давање на следните јавни услуги:

- мониторинг и следење на развојот на штетните организми кои вообичаено се присутни кај растенијата и растителните производи, прогнозирање, одредување оптимални рокови и мерки за заштита;
- интервенирање во случај на ненадејни појави на карантински штетни организми на растенијата, каламитетни појави и епифитоции на штетни оргазними;
- обезбедување метеоролошки, биолошки и други податоци за целта на следењето и прогнозирањето на појавата на штетни организми;
- лабораториски детерминирања и дијагностицирања на штетни организми;
- едуцирање на сопствениците и други лица вклучени во спроведување на активностите поврзани со здравјето на растенијата;
- издавање на пасоши за растенија;
- спроведување на научно – истражувачки развојни активности.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје
+389 2 3134 477
МКД СЕРТИФИКАТ

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правното лице УКИМ Земјоделски Институт Скопје со седиште на ул.16-та Македонска Бригада бр.3А Скопје – Гази Баба поднесе пријава со архивски број 103-66/ 10 на ден 08.04.2022 година за добивање на дозвола за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата, врз основа на Јавниот конкурс за доделување на дозволи за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата објавен во 2 (два) дневни весника на ден 29.03.2022 година.

По отварањето на доставените понуди, како и по спроведената евалуација од страна на Комисијата за спроведување на постапка за отварање и оценување на доставените понуди по јавен конкурс за издавање на дозволи за вршење на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата формирана од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, се утврди дека подносителот на пријавата ги исполнува условите предвидени во глава VI „Јавни услуги од областа на здравјето на растенијата" од Законот за здравјето на растенијата („Службен Весник на Република Македонија" 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.150/21), како и Правилникот за поблиските услови за просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата („Службен весник на РМ" бр 12/11 и 60/15).
Од напред наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на добивањето на ова решение.

Овластено службено лице
Надица Џерковска

Изработил: Калина Алтанџиева
Контролирал: Ивица Ангеловски


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015